# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 23 јули 1997
Скопје
Број 35 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

703.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ФОРМА НА КРЕДИТ ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ИСПЛАТА НА ДЕЛ ОД ПОБАРУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ПО ОСНОВА НА ШТЕДНИ ВЛОГОВИ

Се прогласува Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основа на штедни влогови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јули 1997 година.

Број 08-2478/1
17 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ФОРМА НА КРЕДИТ ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ИСПЛАТА НА ДЕЛ ОД ПОБАРУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ПО ОСНОВА НА ШТЕДНИ ВЛОГОВИ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат обемот и изворите за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основа на штедни влогови во штедилниците основани според одредбите на Законот за банките и штедилниците („Службен весник на РМ" број 31/93, 78/93 и 17/96), кај кои е воведен стечај и тоа: „Алфа С" АД-Скопје и „Лавци" ДОО-Охрид и е во постапка воведување стечај – „ТАТ" ДОО-Битола до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со средствата од став 1 на овој член се обезбедува предвремена исплата на дел од побарувањата по основа на штедни влогови на граѓаните од штедилниците од став 1 на овој член, пред целосно формирање на стечајната маса и остварување на нивните права од стечајната маса.

Член 2

Под штедни влогови на граѓаните, во смисла на овој закон се подразбираат штедните влогови на сите членови на едно семејно домаќинство, за кои постои касова евиденција во штедилницата.

Износот на штедниот влог на едно семејно домаќинство се утврдува како збир на штедните влогови на сите членови на семејното домаќинство кои живеат на иста адреса на денот на воведувањето на стечајната постапка, намален за вкупниот износ на припишани, односно припишани и исплатени или само исплатени камати по договори за штеден влог кои се затворени до тој ден или се сè уште активни.

За штедните влогови на граѓаните за кои ќе се утврди дека се склучени договори со камати поголеми од каматите пропишани со одлука од страна на штедилницата, како и користени кредити од штедилницата со камата пониска од каматата на штедниот влог, не подлежат на правото на исплата на средства по овој закон.

Член 3

За намената од член 1 став 1 на овој закон се обезбедуваат средства во вкупен износ од 540.000.000,00 денари од следниве извори:

– вишокот на приходите над расходите по Завршната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1996 година, во износ од 150.000.000,00 денари;

– паричните средства на Фондот за основни средства на Народната банка на Република Македонија, во износ од 160.000.000,00 денари и

– Буџетот на Република Македонија за 1997 година, во износ од 230.000.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член се исплатуваат во еднакви месечни рати за секое семејно домаќинство најмногу до 13.500 денари, во периодот до завршувањето на стечајната постапка, но не подолго од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

За штеден влог поголем од 1.350.000,00 денари правото на предвремена исплата на средства по овој закон се остварува со претходно докажување на потеклото на средствата депонирани во штедилницата.

Потеклото на средствата депонирани во штедилницата се докажува со поднесување документи до стечајниот управник и тоа изјава за потеклото на капиталот што е депониран во штедилницата со приложување на писмен документ (решение за наследување, висина на плата и приходи остварени по други основи и друго), односно документи од кои со сигурност ќе се види и докаже изворот на средства депонирани во штедилницата.

Член 5

Предвремената исплата на средства од член 3 на овој закон се кредитира бескаматно.

Враќањето на средствата од став 1 на овој член ќе се врши по намирување на вкупните обврски спрема граѓаните по основа на штедни влогови од стечајната маса, и тоа по основа на член 3 став 1, алинеи 1 и 3 од овој закон во Буџетот на Република Македонија, а по основа на алинеја 2 – во Народната банка на Република Македонија.

Враќањето на средствата од став 2 на овој член го обезбедува стечајниот судија.

Член 6

Редоследот и динамиката на исплатата на средствата ги утврдува стечајниот судија по претходна проверка на вкупната документација за веродостојноста на побару-

вањето по основа на штеден влог од страна на стечајниот управник.

Член 7

Средствата од член 3 на овој закон се исплатуваат преку Заводот за платен промет, според налози што ги изготвува стечајниот управник на секоја штедилница.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**704.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Се прогласува Законот за инспекцијата на труд, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Број 08-2437/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата и работата на Републичкиот инспекторат за труд (во натамошниот текст: Инспекторат) кој врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи за работни односи, вработување и заштита при работа и на колективните договори, договорите за работа и другите акти, со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавците во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа.

Член 2

Како „работи на инспекцискиот надзор", во смисла на овој закон, се сметаат управните и други мерки, кои во согласност со закон ги преземаат инспекторите на труд во вршењето на инспекцискиот надзор.

Како „пропис", во смисла на овој закон, се смета секој закон и подзаконски акт, колективен договор, договор за работа како и други акти на работодавецот со кој се утврдени правата, обврските и одговорностите од областа на работните односи, вработувањето и заштита при работа.

Член 3

Инспекторатот е орган во состав на Министерството за труд и социјална политика.

Со Инспекторатот раководи главен републички инспектор за труд (во натамошниот текст: главен инспектор).

Член 4

Инспекторатот обезбедува единствено спроведување на прописите и мерките од областа на работните односи и заштита при работа и е одговорен за нивното спроведување во рамките на својата надлежност.

Инспекторатот се грижи за унапредување на инспекцискиот надзор и за стручно усовршување на инспекторите.

Член 5

Работите на инспекцискиот надзор во рамките на надлежностите на Инспекторатот утврдени со закон, непосредно ги вршат републички инспектори на труд (во натамошниот текст: инспектор).

На инспекторот не може да му се доверат други работи кои ќе бидат пречка за вршење на неговата основна работа или на било кој начин ќе му наштетат на угледот и непристрасноста во вршењето на неговата функција.

Член 6

Инспекторот е самостоен во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето на управни и други мерки утврдени со закон.

Член 7

Овластувањето за вршење инспекциски надзор инспекторот го докажува со легитимација.

Легитимацијата на инспекторот ја издава министерот за труд и социјална политика.

Образецот на легитимацијата на инспекторот и начинот на нејзиното издавање го пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 8

За инспектор може да се назначи лице кое има висока стручна подготовка - правен, машински, градежен, архитектонски, електро, технолошки факултет и факултет за заштита при работа и најмалку три години работно искуство во струката по дипломирањето.

Член 9

Во вршењето на работите на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да постапува според прописите на управната постапка, освен кога е тоа поинаку определено со закон.

Инспекторот е одговорен ако пропушти да изврши обврски или да преземе мерки, кои по законот бил должен да ги изврши, односно преземе, во постапката на надзорот.

Инпекторот не смее да врши надзор кај работодавецот каде што тој или член на неговото потесно семејство е сопственик или сосопственик, член на управниот одбор, директор или каде што тој или член на неговото потесно семејство имаат материјален или друг интерес.

Член 10

Во вршењето на работите на инспекцискиот надзор, инспекторот е овластен, во секое време на денот и ноќта, да влезе во просториите на работодавецот, без претходно најавување и без оглед на работното време на работодавецот.

Веднаш по влегувањето, инспекторот е должен, за своето присуство да го извести работоводниот орган, односно законскиот застапник или друг овластен работник на работодавецот, доколку истите се присутни во просториите на работодавецот. Отсуството на тоа лице не може да биде пречка за вршење на инспекциски надзор.

Работодавецот е должен, на инспекторот да му овозможи непречено вршење на надзорот и на негово барање да му даде односно да му достави на определено место и во определено време, списи, акти, информации и други податоци, потребни за вршење на инспекцискиот надзор.

Член 11

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да влегува и да ги прегледува сите работни простории и работни места и да направи увид во сите делови на техничко-технолошкиот процес на трудот, на средствата за работа, на заштитните средства и опрема, на условите за работа, на деловните книги, исправите, договорите и другите документи и акти на работодавецот.

Во постапката на инспекцискиот надзор, инспекторот е овластен да прибира потребни податоци и информации, да зема изјави од работници, да издава усмени и писмени наредби и по потреба да побара асистенција од надлежен државен орган.

Инспекторот е овластен, во постапката на инспекцискиот надзор да бара лични исправи (лична карта, пасош и слично) од лицата затекнати на работа кај работодавецот, кои се должни бараните исправи да ги дадат на увид.

Усмената наредба треба да биде записнички констатирана и по истата, во рок од 24 часа, мора да се донесе решение.

Член 12

Инспекторот може привремено да земе документација на работодавецот која е потребна за обезбедување на доказите и утврдување на фактичката состојба во областа за која се врши надзор.

Одземената документација во смисла на став 1 од овој член може да се задржи најмногу осум дена.

При одземањето на документацијата, инспекторот ќе му издаде на работодавецот потврда, во која е назначена одземената документација и рокот на нејзиното враќање.

Член 13

Инспекторот е должен најмалку еднаш годишно да изврши инспекциски надзор над примената на прописите за работни односи и заштита при работа кај работодавците во областа на индустријата, трговијата, градежништвото, земјоделството, шумарството, сообраќајот, комуналните дејности, занаетчиството, угостителството и во училишните и факултетските работилници и лаборатории за практична настава, а кај другите работодавци, според програмата за работа, најмалку еднаш во три години.

Член 14

Инспекторот е должен да состави записник за извршениот инспекциски надзор кој содржи податоци, особено за денот и часот на инспекцискиот надзор, работодавецот, констатираната состојба и изречените мерки.

Примерок од записникот за извршениот инспекциски надзор му се предава односно доставува на работодавецот.

Инспекторот е должен, податоците за извршениот инспекциски надзор и за преземените мерки да ги запише во книгата за надзор која се чува кај работодавецот.

Образецот на книгата за надзор и начинот на нејзиното водење го пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 15

Инспекторот е должен, во текот на траењето и по престанокот на неговата функција, да ги чува како службена тајна сите податоци што ги дознал при вршењето на надзорот, кои со пропис или со општ акт на работодавецот се утврдени како државна, воена, службена или деловна тајна, податоците за работникот кој ја поднел пријавата за сторените повреди на прописите, како и податокот дека надзорот се презема и врши врз основа на пријава.

Работодавецот е должен, при вршењето на инспекцискиот надзор, да го предупреди инспекторот за тоа што се смета во прописите, односно неговите акти за државна, воена, службена и деловна тајна.

Член 16

Инспекторот е должен да го земе во постапка секое барање на работникот заради остварување, односно заштита на правата од работниот однос и заштита при работа.

Барањето од став 1 на овој член, работникот може да го поднесе писмено или да го изјави усмено пред инспекторот.

Инспекторот е должен, на подносителот на барањето, да му достави писмено известување за утврдената состојба.

Инспекциска заштита, односно интервенција во согласност со одредбите на овој закон може да побараат и лицата пријавени на јавен оглас заради вработување.

Член 17

Ако инспекторот утврди повреда на прописите над чија примена врши надзор, донесува решение согласно со законот.

Член 18

Кога во согласност со закон, инспекторот со решение ќе ја забрани работата на работодавецот во целина, во негов дел кој претставува техничко-технолошка целина, на одделено работно место или на орудие за работа на механизиран погон, ќе изврши запечатување на истите.

Запечатувањето на став 1 на овој член се означува со жиг на инспекцијата на труд.

Содржината и формата на жигот ја определува министерот за труд и социјална политика.

Заради отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, поради кои е изречена забраната за работа, по писмено барање на работодавецот, инспекторот ќе изврши отпечатување на работните простории и места, односно на орудијата за работа на механизиран погон.

Член 19

Против секое решение на инспекторот може да се изјави жалба до министерот за труд и социјална политика, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Против конечно решение на инспекторот со кое е одложена од извршување конечната одлука на работодавецот, против која се води спор пред надлежниот суд, не може да се поведе управен спор.

Член 20

Ако повредата на прописот претставува прекршок или кривично дело, инспекторот е должен до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за поведување на соодветна постапка.

Органот на кој му е поднесено барањето, односно пријавата од став 1 на овој член е должен, за својата одлука да го извести инспекторот.

Кога инспекторот ќе утврди повреда на пропис од надлежност на друг орган, должен е за тоа да го извести надлежниот орган.

Член 21

Врз основа на известување за смртен случај, колективна повреда и потешка повреда на работа, како и за недостатоци во примената на прописите за заштита при работа кои ја загрозуваат или би можеле да ја загрозат безбедноста на работниците при работа, инспекторот е должен веднаш да изврши увид на лице место заради преземање на соодветни мерки.

Упатство за вршење на увид на смртни случаи, колективни и потешки повреди на работа, донесува министерот за труд и социјална политика.

Инспекторот е должен да го извести главниот инспектор за секој смртен случај, колективна повреда и потешка повреда на работа, веднаш по нивното случување.

Член 22

Со парична казна од 150.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок работодавецот ако:

1) го спречи, односно попречува инспекторот на труд во вршењето на работите на инспекцискиот надзор (членови 10, 11 и 12) и

2) ги отпечати запечатените работни простории, работни места или орудија за работа на механизиран погон на работодавецот (член 18 ставови 1 и 2).

За прекршокот од став 1 на овој член, ќе се казни одговорното лице кај работодавецот со парична казна од 15.000 до 35.000 денари.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни физичко лице кое самостојно врши дејност или професија, со парична казна од 35.000 до 50.000 денари.

За прекршокот од став 1 на овој член, на одговорното лице ќе му се изрече мерката забрана на вршење на работите и работните задачи што ги врши, односно на должноста, во траење од пет месеци до една година.

Член 23

Министерот за труд и социјална политика, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги пропише:

- образецот на легитимацијата на инспекторот на труд,
- образецот на книгата за надзор и начинот на нејзино водење и чување,
- упатството за вршење увид на смртни случаи, колективни и потешки повреди на работа и
- содржината и формата на жигот.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на СРМ" број 31/85, 51/88, 23/90, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 32/93), освен одредбите од членовите 16, 17, 18, 19 и 26 став 3.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**705.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за пазарната инспекција, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Број 08-2467/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста, овластувањата и организацијата на Републичкиот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторат).

Член 2

Работите од надлежност на Инспекторатот ги вршат републички пазарни инспектори (во натамошниот текст: инспектори)

Инспекторите вршат непосреден надзор над применувањето на законите, прописите и други општи акти од страна на трговските друштва и другите правни и физички лица кои вршат дејност и граѓани (во натамошниот текст: правни и физички лица), кои се однесуваат на:

- прометот на стоки и услуги;
- спречување на монополската положба и монополското однесување, нелојалната конкуренција и дампиншките цени и други дејства на ограничување на слободата на пазарот и претприемчивоста;
- цените на производите и услугите во производството и прометот;
- квалитетот на производите и услугите во производството и прометот утврдени со стандарди и прописи;
- контрола на употребата на мерните единици и мерила во прометот на стоки и вршењето на услуги;
- прометот на предметите од скапоцени метали;
- заштитата на стоковните и услужните жигови, знаци и кодови;
- знаците на квалитетот и ознаките на потеклото на производите;
- вршење на промет на стоки и услуги со странство и надворешно-трговското работење и
- други работи определени со закон.

Член 3

Инспекторатот изготвува анализи, информации и извештаи за состојбите во областите во кои е овластен да врши надзор, кои периодично се објавуваат.

Член 4

Инспекторатот презема мерки и се грижи за стручното оспособување и усовршување на инспекторите.

Член 5

За пазарен инспектор може да се назначи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има високо стручно образование и најмалку три години работно искуство и
- против него да не се води кривична постапка и да не е осудувано за кривични дела против државата, службената должност, против јавните финансии и стопанството, како и за кривично дело извршено со умисла, за кои може да се изрече казна затвор во траење од најмалку една година.

Член 6

Со работите на Инспекторатот раководи главен републички пазарен инспектор.

Главниот републички пазарен инспектор има заменик.

Член 7

При вршењето на надзорот, пазарните инспектори мора да имаат легитимација, која ја издава министерот за стопанство, со која се утврдува нивното службено својство и се должни да ја покажат на барање на странката.

Министерот за стопанство донесува поблиски прописи за образецот и формата и содржината на легити-

маќијата, како и за начинот на издавање и одземање на легитимацијата.

Член 8

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот во рамките на својата надлежност, утврдена во овој и други закони е самостоен во вршењето на работите и е овластен да ја прегледува стоката, просториите, просториите и другите објекти, уредите, деловните книги, договорите, исправите и другите документи што овозможуваат увид во работењето на правните и физичките лица во поглед на придржувањето на прописите.

При вршењето надзор пазарниот инспектор може да земе изјава од одговорни лица во правното лице, физичкото лице и од сведоци, да зема мостри, а по потреба да користи услуги од стручни организации и лица.

Правните и физичките лица чие работење подлежи на надзор од пазарната инспекција се должни да му обезбедат на инспекторот непречено вршење на работите на надзорот, и на негово барање да му ја достават потребната документација.

За извршениот надзор инспекторот е должен да состави записник.

Член 9

Инспекторот е должен да ги земе во постапка пријавите од правните и физички лица и граѓаните и нивните здруженија за повреди на прописите од надлежноста на пазарната инспекција.

Инспекторот е должен да ги извести подносителите на пријавите од став 1 на овој член за утврдената состојба и преземените мерки.

Член 10

Ако при вршењето на надзорот инспекторот утврди дека прописот не е применет или е неправилно применет од страна на правни и физички лица, должен е да донесе решение со кое ќе изрече управна мерка предвидена со закон или друг пропис.

Член 11

Ако во текот на надзорот инспекторот констатира дека правното или физичкото лице пушта во промет стоки без документи од добавувачот тие стоки привремено ќе ги одземе.

Член 12

Против решението со кое се определува управна мерка, што врз основа на овој закон или друг пропис ќе го донесе инспекторот, може да се изјави жалба до второстепениот орган определен со закон во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението, ако тоа го бара итноста на изречената управна мерка, што мора да биде посебно образложено.

Извршното решение на пазарниот инспектор кое не се однесува на парични обврски, инспекторот може да го изврши и по пат на непосредна принуда.

Член 13

Ако инспекторот утврди дека постои основа за преземање на управни и други мерки за чие преземање е надлежен друг орган, должен е без одлагање да го извести тој орган.

Член 14

Ако инспекторот смета дека со повредата на прописот е сторено кривично дело или прекршок, должен е без одлагање да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка, односно пријава за покренување на постапка заради сторено кривично дело.

Ако инспекторот утврди дека со сторениот прекршок или кривично дело е остварена незаконска противправна имотна добивка должен е во пријавата за покренување на постапка заради кривично дело, односно барањето за покренување на прекршочна постапка да ја наведе висината на таа добивка и да бара да се одземе од сторителот.

Член 15

Кога со пропис е предвидена можност за одземање на производи и предмети со кои е сторено кривично дело или прекршок, инспекторот може привремено да ги одземе производите односно предметите, за што е должен да издаде потврда со точен опис и количина на одземените производи и предмети.

Во пријавата за покренување на постапка за сторено кривично дело, односно барањето за покренување на прекршочна постапка инспекторот е должен да ја наведе и преземената мерка во смисла на став 1 од овој член.

Член 16

Министерството за стопанство може одземените производи од непознати лица да ги продаде или отстапи без надоместок на Црвениот крст на Република Македонија и на други хуманитарни организации, како и на државни органи и организации.

Условите и начинот за отстапувања и продажба на производите од став 1 на овој член ги пропишува министерот за стопанство.

Средствата добиени од продажбата на производите од став 1 на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 17

Производите што се подложни на брзо расипување инспекторатот ќе ги продаде и по покривањето на трошоците на продажбата ќе ги уплати на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Член 18

Ако во текот на надзорот било потребно да се вршат испитувања (анализи или некои други вештачења), трошоците на испитувањата ги плаќа странката непосредно на стручната организација која го извршила испитувањето.

Член 19

Кога е тоа предвидено со закон, пазарниот инспектор може да наплати парична казна на самото место (мандатна казна).

Член 20

Пазарниот инспектор е должен да ги чува како службена тајна податоците до кои ќе дојде при вршењето на надзорот или што ќе му ги доставот правните и физичките лица во смисла на одредбата од член 8 на овој закон.

Пазарниот инспектор не смее во јавноста да дава изјави со кои може да се наруши угледот на правното или физичкото лице, за мерките што ги презел, односно постапките што ги покренал во вршењето на работите од своја надлежност, до нивната правосилност, освен ако Инспекторатот оцени дека е потребно изјавата да се даде за да се заштити животот или здравјето, односно имотот на граѓаните.

Член 21

Во вршењето на надзорот пазарните инспектори ги применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, ако со закон не е поинаку определено.

Член 22

Ако пазарниот инспектор не поднесе барање, односно пријава за покренување на постапка во смисла на член 14 од овој закон ќе се смета дека сторил потешка повреда на работната должност.

Член 23

Со парична казна од 30.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако:

– го попречува пазарниот инспектор во вршењето на надзорот и не му ја достави потребната документација за вршењето на тој надзор (член 8 став 3) и

– не постапи по извршното решение на инспекторот (член 10).

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна ќе се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на дејност во траење од шест месеци до една година.

Со парична казна од 3.000 до 10.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице, а може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на должност во траење од три месеци до една година.

Член 24

Со парична казна од 3.000 до 10.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако стори некое од дејствијата од член 23 на овој закон.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна може да се изрече и мерка на безбедност, забрана на вршење на дејност во траење од три месеци до една година.

Член 25

Инспекторите кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не го исполнуваат условот од член 5 алинеја 2 на овој закон во поглед на образованието ќе продолжат со работа како републички пазарни инспектори ако се стекнат со соодветно образование најдоцна за две години повеќе од времето што е пропишано за редовно завршување на тој вид образование.

Член 26

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за пазарната инспекција („Службен весник на СРМ" број 40/73, 6/79, 34/84, 7/86, 23/90 и „Службен весник на РМ" број 13/94) и Законот за сојузната пазарна инспекција („Службен лист на СФРЈ" број 24/74, 23/80, 22/87, 71/87 и 35/91).

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**706.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИТЕ ГРУПИ

Се прогласува Законот за верските заедници и религиозните групи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Бр. 08-2459/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИТЕ ГРУПИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува положбата на верските заедници, основањето и работата на религиозните групи, верската поука и верските училишта, како облик на остварување на слободата на вероисповеста и на изразување на верата.

Член 2

Верските заедници, односно религиозните групи се слободни во вршењето на верските работи и верските обреди.

Член 3

Верски работи и верски обреди во Република Македонија може да врши само регистрирана верска заедница, односно религиозна група.

Верските заедници и религиозните групи својата дејност ја вршат во согласност со Уставот, законите и другите прописи.

Член 4

Забрането е граѓанинот на било кој начин да се принудува или попречува да стане или да биде член на верска заедница или религиозна група.

Забрането е граѓанинот да се принудува да учествува или да не учествува во верски обреди или други видови изразувања на верата.

На граѓанинот не може да му бидат ускратени правата што ги има според Уставот и закон, поради верски определби, припаѓање на верска заедница или религиозна група, вршење, односно учество во вршење на верски обреди и други видови изразување на верата.

Изразувањето на вероисповеста или припадноста на верска заедница, односно религиозна група не го ослободува граѓанинот од обврските што како граѓанин ги има според Уставот, законите и други прописи.

Член 5

Странски државјанин може, по барање на верска заедница, односно религиозна група, да извршува верски работи и верски обреди, по претходно одобрение на органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Член 6

Верските собири, верските обреди, верскиот печат, верската поука, верските училишта и други видови изразување на верата не можат да се користат за политички цели, за поттикнување на верска, национална и друга нетрпеливост и за други дејства забранети со закон.

Член 7

Верските заедници и религиозните групи можат да основаат верски училишта во постапка и под услови утврдени со овој закон.

Верските заедници, односно религиозните групи можат да основаат социјални и добротворни установи, во постапка и под услови уредени со закон.

### II. ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Член 8

Верската заедница според овој закон е доброволно организирана, непрофитна заедница на верници од иста вероисповест.

За една вероисповест може да постои само една верска заедница.

Член 9

Религиозна група, според овој закон, е доброволно, непрофитно здружување на верници со исто верско убедување кои не припаѓаат на регистрирана верска заедница.

Граѓаните можат слободно и јавно да основаат религиозни групи, во согласност со овој закон.

Член 10

Религиозна група со седиште во Република Македонија можат да основаат најмалку 50 полнолетни лица, државјани на Република Македонија, со постојано живеалиште во Република Македонија.

Основачите на религиозната група одлука за основање и правила, односно друг акт со кој се уредува организацијата и работењето, донесуваат на собир на основачите.

Член 11

Основачите на религиозната група, определуваат лице (одговорно лице) кое до органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи ќе поднесе пријава во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за основање.

Пријавата од став 1 на овој член содржи: назив, податоци за основачите, седиште, предмет на дејствување, означување на просториите во кои се вршат верските работи и верските обреди и податоци за лицата одговорни за работата и за застапување и претставување на религиозната група.

Кон пријавата се поднесуваат правилата, односно друг акт со кој се уредува организацијата и работењето, како и други податоци и документи со кои се докажува исполнувањето на условите за основање.

Член 12

Називот на религиозната група треба битно да се разликува од називите на веќе регистрираните верски заедници, односно религиозни групи.

Називот треба да упатува на фактот дека е религиозна група и на видот на изразувањето на верата што преку неа се врши.

Во називот на верската заедница, односно религиозната група не смеат да бидат содржани зборовите „Република Македонија", називите на други држави, називи на државни или јавни органи и институции и други ознаки.

Седиштето на верската заедница, односно религиозната група која врши верски работи и верски обреди на подрачјето на Република Македонија задолжително е во Република Македонија.

Член 13

Религиозната група за која е утврдено дека е основана во согласност со овој закон, се запишува во регистарот што се води кај органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи пропишува поблиски прописи во врска со водењето и содржината на регистарот.

Член 14

Верските заедници и религиозните групи имаат својство на правни лица.

Религиозната група својството на правно лице го стекнува од денот на уписот во регистарот од член 13 на овој закон.

Верските заедници, односно религиозните групи можат да основаат социјални и добротворни установи во постапка утврдена со закон.

Одлуките на органите на верските заедници, односно на религозните групи немаат дејство надвор од нив. Исправите на органите на верските заедници, односно религиозните групи немаат својство на јавни исправи.

Член 15

Верските заедници, односно религиозните групи, во рамките на своето работење во согласност со овој закон, можат да ги користат средствата за јавно информирање, и да издаваат печатени работи.

Работата и користењето на средствата за јавно информирање, издавањето на печатени работи од став 1 на овој член и публикување на реклами со верска содржина се врши во согласност со закон.

Член 16

Верските заедници, односно религиозните групи можат да прибираат доброволни прилози за верски и хуманитарни цели. Прилозите можат да се прибираат во просториите и во местата во кои се вршат верските обреди и верските работи, а надвор од нив само со одобрение на надлежниот орган за внатрешни работи.

Граѓанинот не смее да биде принудуван или спречуван да дава прилози за намените од став 1 на овој член.

Верските заедници, односно религиозните групи не можат да утврдуваат обврски на верниците за давање прилози од став 1 на овој член.

Член 17

Верските службени лица и други лица што вршат верски обреди и верски работи можат од граѓаните да примаат надоместок, односно награда за верските работи и верските обреди што ги вршат по нивно барање, во согласност со прописите на верската заедница, односно религиозната група.

Член 18

Верски обреди и верски работи се вршат во цркви, џамии и други храмови, како и во дворови кои со нив претставуваат една целина, на гробишта и во други простории на верската заедница, односно религиозната група.

Со вршењето на верските обреди и верските работи од став 1 на овој член не може да се повредува јавниот ред и мир, како и верските чувства и другите слободи и права на граѓаните кои не се припадници на верската заедница, односно религиозната група.

Член 19

Верски обреди и верски работи можат да се вршат и во други простории и места достапни на граѓаните, со одобрение од надлежниот орган за внатрешни работи, по претходно мислење од органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Барањето за добивање одобрение од став 1 на овој член организаторот на обредот го поднесува најмалку 15 дена пред денот на одржувањето на верскиот обред. Во барањето се наведува видот на обредот, кој го изведува, целта на обредот, како и времето и местото каде што истиот ќе се врши.

Органот од став 1 на овој член го известува подносителот на барањето дали го одобрува или не го одобрува одржувањето на верскиот обред најдоцна седум дена пред денот на планираното одржување на верскиот обред.

По исклучок од став 1 на овој член, традиционални верски обреди и верски работи (литии и слично) во други простории и места достапни до граѓаните се вршат со претходно известување на органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Член 20

За верски обреди што во согласност со одредбите на овој закон се вршат по барање на граѓанин во неговото живеалиште (семејна слава, венчавање, крштевање, сунетисување, исповедување, благослов на куќа или друг имот и слично) не е потребно посебно одобрение.

Верски обред (крштевање, сунетисување и слично) на малолетник може да се врши само со согласност од родителите, односно старателот а ако малолетникот е постар од десет години потребна е и негова согласност. За овие обреди задолжително се обезбедуваат нужни хигиенски, здравствени и други услови.

Лицата кои се сместени во болници, домови за старци и слични институции можат да вршат изразување на својата вера и по сопствено барање да бидат посетувани од свештени лица заради вршење на верски обреди, во согласност со куќниот ред на институцијата во која се сместени.

Член 21

Во случај кога во согласност со закон се преземаат посебни мерки за заштита на здравјето на граѓаните, јавниот ред и мир, безбедноста и имот од поголем обем, надлежниот орган за внатрешни работи може да забрани одржување на верски собири и посети на верски манифестации за времето додека траат околностите поради кои наведените мерки се преземени.

Член 22

Верските заедници, односно религиозните групи можат, во согласност со закон, да имаат и да стекнуваат во сопственост недвижности и други средства потребни за вршење на нивната дејност.

За изградба или стекнување на објект наменет за вршење на верски работи и верски обреди, покрај условите утврдени со закон, верската заедница, односно религиозната група е должна да обезбеди позитивно мислење од органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Член 23

Лицата одговорни за работата и за застапувањето и претставувањето на религиозната група се должни да поднесат до органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи пријава за секоја статусна промена или престанок на религиозната група, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за промена или престанок.

## III. ВЕРСКА ПОУКА И ВЕРСКИ УЧИЛИШТА

Член 24

Верска поука може да се изведува само во јавни простории во кои се вршат верски обреди и верски работи.

За посетување на верска поука од страна на малолетник потребна е согласност од родител, односно старател, како и негова согласност, ако е постар од десет години.

Верска поука со ученици може да се изведува само во време кога учениците немаат настава во училиштата.

Член 25

Верските заедници и религиозните групи имаат право да основаат верски училишта во сите степени на образование, освен во основното образование, за школување на верски службеници, како и ученички домови за сместување на лицата кои се школуваат во тие установи.

Верско училиште, односно ученички дом од став 1 на овој член може да се основа по претходно добиена согласност од органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Министерството за образование и физичка култура може да врши увид во наставните програми и нивното остварување во согласност со Уставот и закон, во смисла на член 6 од овој закон.

Верската заедница, односно религиозна група е должна известувањето за основање верско училиште, со актот за целите и внатрешната организација на училиштето и наставен план и програма во согласност со одредбите на овој закон да го поднесе до органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи најмалку три месеци пред денот определен за почеток на неговото работење.

Органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи е должен своето мислење да го достави до верската заедница, односно религиозната група во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на известувањето. До колку согласноста на органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи е негативно, верската заедница, односно религиозната група има право на приговор до Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од добивањето на согласноста.

Верски училишта основани од верски заедници, односно од религиозни групи можат да посетуваат само лица со завршено задолжително основно образование или лица на кои во согласност со закон им престанала обврската за задолжително основно образование.

Член 26

Верските заедници, односно религиозните групи самостојно управуваат со верските училишта и ученичките домови што ги основале во согласност со овој закон.

Наставните планови и програми во верските училишта не смеат да бидат во спротивност со Уставот и закон.

Настава во верско училиште може да изведува само државјанин на Република Македонија.

Странски државјанин може да изведува настава во верско училиште само повремено, со одобрение од органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Член 27

Одговорното лице во верското училиште, односно ученичкиот дом е должно да му ги става на располагање на надлежниот орган од член 25 став 3 на овој закон сите податоци потребни за вршење увид во работењето на верското училиште, односно ученичкиот дом, како и во рок определен од тој орган да ги отстрани утврдените неправилности.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лице кое врши верски работи и верски обреди во спротивност со член 3 на овој закон.

Член 29

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок:

– лице кое на било кој начин принудува граѓанин да стане член на верска заедница или религиозна група (член 4 став 1);

– лице кое принудува граѓанин да учествува или да не учествува во верски обреди или други видови изразување на верата (член 4 став 2) и

– странски државјанин кој врши верски работи и верски обреди или изведува настава во верско училиште без претходно одобрение од органот надлежен

за прашањата на верските заедници и религиозните групи (членови 5 и 26 став 4).

Член 30

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок:

– лице кое принудува или спречува граѓанин да дава прилози наменети за верски и хуманитарни цели (член 16 став 2);

– лице кое врши верски обред и верски работи надвор од просториите од член 18 став 1;

– лице кое со вршењето на верски обреди или верски работи ги повредува јавниот ред и мир, како и верските чувства и другите слободи и права на граѓаните (член 18 став 2) и

– лице кое врши верски обред без барање на граѓанин во неговото живеалиште, на малолетник без соодветна согласност и во болници, домови за старци и слични институции, спротивно на нивниот куќен ред (член 20 ставови 1,2 и 3).

Член 31

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок:

– лице кое изведува верска поука надвор од просториите во кои се вршат верски обреди и верски работи (член 24 став 1);

– лице кое организира или изведува верска поука на малолетник без соодветна согласност (член 24 став 2) и

– лице кое изведува верска поука со ученици во време кога учениците имаат настава во училиштата (член 24 став 3).

Член 32

Со парична казна од 50.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок:

– одговорното лице на религиозната група ако во пропишаниот рок не поднесе пријава до органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи (член 11 став 1);

– одговорното лице во верската заедница, односно религиозната група кое работењето и користењето на средствата за информирање, издавањето печатени работи и публикувањето реклами со верска содржина, го врши спротивно на закон (член 15) и

– одговорното лице во верската заедница, односно религиозната група кое прибира и користи доброволни прилози за други цели (член 16 став 1).

Член 33

Со парична казна од 50.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок верската заедница, односно религиозната група ако:

– утврдува обврска на верниците за давање прилози за верски и хуманитарни цели (член 16 став 3);

– основа верско училиште за ученици во основното образование (член 25 став 1) и

– основа верско училиште без позитивно мислење на органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозни групи (член 25 став 2).

Член 34

Со парична казна од 50.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок верско училиште ако:

– наставата во верското училиште ја посетуваат лица без завршено основно образование (член 25 став 6);

– ангажира или овозможи странски државјанин да изведува настава без одобрение од надлежниот орган (член 26 став 4) и

– не му ги става на располагање на надлежниот орган податоците потребни за вршење надзор над работењето или не ги отстрани утврдените неправилности (член 27).

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи, во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги пренесе во својот регистар верските заедници и религиозните групи што се пријавени во Министерството за внатрешни работи до влегувањето во сила на овој закон.

Постојните верски заедници и религиозните групи од став 1 на овој член, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 36

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за правната положба на верските заедници („Службен весник на СРМ“ број 39/77).

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**707.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ТИКВЕШ“ ВО КЛИСУРАТА НА ЦРНА РЕКА, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ

Се прогласува Законот за прогласување на орнитолошкиот локалитет „ТИКВЕШ“ во клисурата на Црна Река, за строг природен резерват,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Број 08-2466/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ТИКВЕШ“ ВО КЛИСУРАТА НА ЦРНА РЕКА, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ

Член 1

Просторот на орнитолошкиот локалитет „Тиквеш“ во клисурата на Црна Река, се прогласува за строг природен резерват (во натамошниот текст: резерват).

Член 2

Границата на резерватот започнува од западниот брег на Тиквешкото Езеро под кота 396, од каде што се искачува на возвишението Врв (775 м) во западно-југозападен правец и продолжува непосредно до селото Праведник од каде што се спушта до над долината на реката Дошани. Од тука прави широк свиок кон северо-

запад и ги сече северните ограноци на врвовите Галчин (1472 м) и Орлите (1480 м), минувајќи низ повеќе гребени и долини. Продолжува кон месноста Човекот со кота 1399 м и од таму се спушта кон југ минувајќи по горниот тек на Галишка река, под селото Галиште. Ја следи долината до под кота 642 од каде што преку еден помал гребен повторно се спушта во Галишка Река и ја следи долината до утоката во Езерото, кое го поминува западно до кота 398, се искачува до северозападните делови на Варелова Тумба и таму под прав агол скршнува кон исток и оди до котата 609. Од оваа точка границата продолжува во југозападен правец до месноста Водена Пешта и кота 807 се до кота 459. Од тука се искачува на возвишението Самовилец (772) кон североисток и оди по гребенот до кота 694. Тука границата врти полукружно кон север и поминува 500 м западно од селото Куманичево од каде што повторно има североисточна насока. Поминува источно од кота 1036 го сече патот од Куманичево за Драгожел и свртува кон северозапад и благо се спушта до кота 810. Од оваа точка границата продолжува кон север до месноста Плазје и преку кота 660 по 2 км северно врти кон исток до долината на реката Каменица. Ја сече долината и полукружно ја менува насоката кон северозапад. Го сече Касапски Дол оди на кота 432, го сече патот од селото Бегниште кон Езерото и преку месноста Прпљуј благо врти кон запад-југозапад и се спушта на брегот на Тиквешкото Езеро до почетната точка.

Во овие граници резерватот зафаќа површина 10.650 хектари од кои 9700 хектари копно и 950 хектари водна површина.

Член 3

Министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина ќе донесе поблизок пропис за спроведување на мерките за заштита на строгиот природен резерват „Тиквеш" во клисурата на Црна Река во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**708.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Број 08-2443/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96 и 34/96), во член 11 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Основното училиште има својство на правно лице и се запишува во судски регистар".

Член 2

Во член 26 по зборот „донесува" се бришат зборовите: „и објавува".

Член 3

Член 66 се менува и гласи:

„Воспитно-образовната дејност во основното образование ја остваруваат наставници, стручни работници (педагог, психолог, дефектолог, социјален работник, библиотекар, социолог) и воспитувачи.

Наставник во одделенска настава (во натамошниот текст: учител), може да биде лице со завршено соодветно високо и више образование.

Наставник по предметна настава може да биде лице кое завршило соодветна еднопредметна или двопредметна група за образование на наставници на факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, а по исклучок и лице кое има завршено средно балетско училиште и пет години практика во играње балет и се здобило со педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветниот факултет и има положено стручен испит.

Наставник по предметна настава може да биде и лице со завршена соодветна група на педагошка академија или соодветна виша школа.

Учител за ученици со пречки во физичкиот развој и ученици со лесни пречки во психичкиот развој може да биде лице со завршено соодветно дефектолошко образование.

Наставник по предметна настава за ученици со пречки во физичкиот развој може да биде лице кое покрај условите од ставовите 3 и 4 на овој член, се здобило и со соодветна дефектолошко-психолошка и методска подготовка.

Наставник за ученици со лесни пречки во психичкиот развој може да биде лице со завршено соодветно дефектолошко образование освен за предметите: физичко, ликовно, музичко воспитување и општо-техничко образование каде што наставник може да биде лице кое ги исполнува условите од став 6 на овој член.

Лице кое ги исполнува условите за учител или наставник може да биде воспитувач во ученички дом.

Стручен работник во основното училиште може да биде лице со соодветно више, односно високо образование".

Член 4

Во член 70 став 2 се брише.

Член 5

Во член 73 став 1 зборот „Учителите" се заменува со зборовите: „Директорите, учителите".

Став 2 се менува и гласи:

„Стручното и педагошкото усовршување го остварува Педагошкиот завод на Македонија, наставничките факултети и специјализираните јавни установи".

Член 6

Член 80 се менува и гласи:

„Во основното училиште за остварување на воспитно-образовната дејност се употребуваат учебници.

Под учебник, во смисла на овој закон, се подразбираат и прирачници за наставници, лектира, работни тетратки, збирки на задачи, речници, атласи и друга учебна литература (во натамошниот текст: учебник).

Припадниците на националностите во основните училишта кои наставата ја следат на својот јазик употребуваат учебници на јазикот на кој се изведува наставата".

Член 7

По член 80 се додаваат десет нови члена, 80-а, 80-б, 80-в, 80-г, 80-д, 80-ѓ, 80-е, 80-ж, 80-з и 80-ѕ, кои гласат:

„Член 80-а

Учебникот се изработува согласно со концепцијата за учебник што на предлог на Педагошкиот завод на Македонија ја утврдува Републичкиот педагошки совет.

Член 80-б

Учебникот го издава правното и физичкото лице кое ги исполнува законските услови за вршење на издавачка дејност (во натамошниот текст: издавач на учебници).

Член 80-в

Програма за издавање на учебници изработува Педагошкиот завод на Македонија, а ја донесува министерот.

Министерството, врз основа на програмата од став 1 на овој член објавува конкурс за издавање на учебници одделно за секое одделение и предмет.

Во конкурсот се утврдуваат условите, постапката, рецензирањето и издавањето на учебници.

Член 80-г

Републичкиот педагошки совет, врз основа на рецензираните ракописи за учебник и стручното мислење на Педагошкиот завод на Македонија за усогласеноста на ракописот за учебник со концепцијата за учебник и наставните планови и програми, на министерот му предлага ракопис на учебник за одобрување и употреба.

Решението за одобрување и употреба на учебникот го донесува министерот и се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 80-д

За еден наставен предмет министерот може да одобри издавање и употреба на два или повеќе учебници.

Член 80-ѓ

Министерот и издавачот на учебници потпишуваат договор за издавање на одобрените учебници во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

Член 80-е

Стручно вреднување на учебниците се врши согласно со методологијата што ја изработува Педагошкиот завод на Македонија.

Министерот со решение определува стручни лица кои ќе вршат стручно вреднување на учбениците.

Член 80-ж

Министерот по предлог на Републичкиот педагошки совет одобрува превод, адаптација и употреба на учебници од други држави.

Републичкиот педагошки совет по стручно мислење на Педагошкиот завод на Македонија утврдува кои списанија и литература можат да се употребуваат во основното училиште.

Член 80-з

Министерството може да партиципира во издавањето на малотиражните учебници за посебните училишта.

Министерството може да го помага издавањето на стручна литература, списанија и публикации кои имаат придонес во развојот на воспитанието и образованието.

За дел од финансиските средства од став 2 на овој член, во договор со издавачот се врши откуп на одреден тираж наменет за збогатување на книжниот фонд на училишните библиотеки.

Член 80-ѕ

На учебникот се отпечатуваат следниве податоци:

1. Име и презиме на авторот или авторите на учебникот;
2. Име и презиме на илустраторот;
3. Име и презиме на преведувачот и податоци за издавачот, ако учебникот е преведен;
4. Име и презиме на рецензентите;
5. Име и презиме на јазичниот лектор;
6. Име и презиме на уредникот;
7. Назив и седиште на издавачката организација;
8. Име и презиме на директорот на издавачката организација;
9. Назив и седиште на печатарската организација;
10. Тираж на учебникот;
11. Бројот и датумот на решението на министерот со кое учебникот се одобрува за употреба и
12. CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски" - Скопје".

Член 8

Во член 112 став 1 зборовите : „од четири до дваесет плати" се заменуваат со зборовите „од 40.000 до 200.000 денари".

Во став 2 зборовите: „од една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: „од 10.000 до 40.000 денари".

Во став 3 зборовите: „од една десеттина до една половина од плата" се заменуваат со зборовите: „од 5.000 до 20.000 денари".

Во став 4 зборовите: „од една десеттина до една половина од плата" се заменуваат со зборовите: „од 5.000 до 20.000 денари".

Член 9

Досегашните детски домови продолжуваат со работа како центри за детско творештво.

Член 10

Во член 119 по став 2 се додаваат нови ставови 3 и 4, кои гласат:

„Наставниците кои изведуваат настава во посебни училишта и паралелки во основните училишта со работно искуство над десет години во настава и натаму ги вршат работите на работните места на кои се затекнати со влегувањето во сила на овој закон.

Наставниците кои не ги исполнуваат условите од ставовите 2 и 3 на овој член се должни да се стекнат со соодветно образование најдоцна за две години повеќе од времето што е пропишано за редовно завршување на тој вид образование".

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**709.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 1997 година.

Бр. 08-2444/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 24/96 и 34/96), во член 2 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Средното училиште има својство на правно лице и се запишува во судски регистар."

Член 2

Во член 28 став 1 пред зборот „групи" се додава зборот „паралелки" и запирка.

Член 3

Во член 31 ставот 1 се заменува со два нови става, кои гласат:

„Во јавното училиште за остварување на воспитнообразовната дејност се употребуваат учебници.

Под учебник во смисла на овој закон се подразбираат и прирачници за наставници, лектира, работни тетратки, збирки на задачи, скрипти и друга учебна литература (во натамошниот текст: учебник)."

Став 2 станува став 3.

Член 3

По член 31 се додаваат десет нови члена 31-а, 31-б, 31-в, 31-г, 31-д, 31-ѓ, 31-е, 31-ж, 31-з и 31-ѕ, кои гласат:

„Член 31-а

Учебникот се изработува согласно со концепцијата за учебник што на предлог на Педагошкиот завод на Македонија ја утврдува Републичкиот педагошки совет.

Член 31-б

Учебникот го издава правното и физичкото лице кое ги исполнува законските услови за вршење на издавачката дејност (во натамошниот текст: издавач на учебници).

Член 31-в

Програма за издавање на учебници изработува Педагошкиот завод на Македонија, а ја донесува министерот.

Министерството, врз основа на програмата од став 1 на овој член објавува конкурс за издавање на учебници по години на образование, струки, профили и предмети.

Во конкурсот се утврдуваат условите, постапката, рецензирањето и издавањето на учебници.

Член 31-г

Републичкиот педагошки совет, врз основа на рецензираните ракописи за учебник и стручното мислење на Педагошкиот завод на Македонија за усогласеноста на ракописот за учебник со концепцијата за учебник и наставните планови и програми, на министерот му предлага ракопис на учебник за одобрување и употреба.

Решението за одобрување и употреба на учебникот го донесува министерот и се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 31-д

За еден наставен предмет министерот може да одобри издавање и употреба на два или повеќе учебници.

Член 31-ѓ

Министерот и издавачот на учебници потпишуваат договор за издавање на одобрените учебници во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

Член 31-е

Стручно вреднување на учебниците се врши согласно со методологијата што ја изработува Педагошкиот завод на Македонија.

Министерот со решение определува стручни лица кои ќе извршат стручно вреднување на учебниците.

Член 31-ж

Министерот по предлог на Републичкиот педагошки совет одобрува превод, адаптација и употреба на учебници од други држави.

Републичкиот педагошки совет по стручно мислење на Педагошкиот завод на Македонија утврдува кои списанија и литература може да се употребуваат во јавното училиште.

Член 31-з

Министерството може да партиципира во издавањето на малотиражните учебници за хендикепирани ученици.

Министерството може да го помага издавањето на стручна литература, списанија и публикации кои имаат придонес во развојот на воспитанието и образованието.

За дел од финансиските средства од став 2 на овој член, во договор со издавачот, се врши откуп на одреден тираж наменет за збогатување на книжниот фонд на училишните библиотеки.

Член 31-ѕ

На учебникот се отпечатуваат следниве податоци:

1. Име и презиме на авторот или авторите на учебникот;
2. Име и презиме на илустраторот;
3. Име и презиме на преведувачот и податоци за издавачот, ако учебникот е преведен;
4. Име и презиме на рецензентите;
5. Име и презиме на јазичниот лектор;
6. Име и презиме на уредникот;
7. Назив и седиште на издавачката организација;
8. Име и презиме на директорот на издавачката организација;
9. Назив и седиште на печатарската организација;
10. Тираж на учебникот;
11. Број и датум на решението на министерот со кое учебникот се одобрува за употреба и
12. CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски" - Скопје."

Член 5

Во член 48 став 2 зборовите: „Ученикот може да повторува двапати во текот на средното образование." се бришат.

Член 6

Во член 59 став 1 по зборот „дефектолог" се додава зборот „социолог".

Во став 9 по зборот „наставник" се става запирка.

После став 10 се додава нов став 11 кој гласи:

„Во приватното средно училиште, за предметите за кои наставата се изведува на странски јазик, наставници можат да бидат и лица странски државјани кои имаат соодветен вид образование под услови утврдени со закон."

Став 11 станува став 12.

Член 7

Во член 68 став 1 зборот „Наставникот" се заменува со зборовите „Директорот, наставникот".

Став 2 се менува и гласи:

„Стручното и педагошкото усовршување го остварува Педагошкиот завод на Македонија, наставничките факултети и специјализирани јавни установи."

Член 8

Во член 73 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„За учениците во приватните средни училишта со настава на странски јазик, дипломата и свидетелството се издаваат на македонски јазик со употреба на кирилското писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата."

Член 9

Во член 88 став 5 по зборот „Скопје" зборот „односно" се брише.

Член 10

Во член 91 став 5 зборот „средно" се брише.

Член 11

Во член 92 став 2 алинеја 7 по зборот „Министерството" се става точка, а зборовите: „надлежно за образование" се брише.

Во ставовите 3 и 4 зборот „управниот" се заменува со зборот „училишниот".

Член 12

Во член 93 алинеја 2 зборот „средното" се заменува со зборот „јавното".

Член 13

Во член 95 алинеја 3 се брише сврзникот „и" и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- раководител на паралелка и". Алинејата 4 станува алинеја 5.

Член 14

Во член 109 став 1 зборовите: „од четири до дваесет плати" се заменуваат со зборовите „од 40.000 до 200.000 денари".

Во став 2 зборовите: „од една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: „од 10.000 до 40.000 денари".

Во став 3 зборовите: „од една десеттина до една половина од плата" се заменуваат со зборовите: „од 5.000 до 20.000 денари".

Член 15

Во член 110 став 1 зборовите: „од осум до дваесет плати" се заменуваат со зборовите: „од 60.000 до 250.000 денари".

Во став 2 зборовите: „од една до пет плати" се заменуваат со зборовите: од 20.000 до 50.000 денари".

Во став 3 зборовите: „од една половина од плата до две плати" се заменуваат со зборовите: „од 8.000 до 20.000 денари".

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**710.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП**

1. Се разрешуваат од функцијата судии поротници:
Душан Стојчески,
Петре Марков,
Елена Забрчанец,
Кирил Бисеркоски
Лила Брслакоска и
Ицко Ѓорески.

2. За судии поротници се избрани:
Никола Николоски,
Никола Небрежанец,
Илија Конески,
Славица Ќососка и
Кирил Перушоски.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2445/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**711.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 46/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА ЕДЕН СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на еден судија на Апелациониот суд во Скопје.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над девет години), пријавите со потребните документи да ги доставаат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и весникот „Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2446/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**712.**

Согласно со член 70 став 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 11/96 - пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За заменик на Гувернерот на Народната банка на Република Македонија се именува

д-р Глигор Бишев, вице гувернер на Народната банка на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2455/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**713.**

Врз основа на член 23 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" број 20/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

I. За членови на Советот за радиодифузија, се избираат:

1. Цветан Станоевски, новинар и публицист,
2. д-р Весна Шопар, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања,
3. Јован Стрезоски, писател,
4. Шабан Салиу, адвокат од Скопје,
5. д-р Марио Макрадули, вработен во Електротехничкиот факултет,
6. Милош Симоновски, адвокат од Скопје,
7. д-р Љубомир Јакимовски, политиколог, советник во Владата на Република Македонија,
8. Милаим Фетаху, политиколог, невработен од Гостивар и
9. Ташко Георгиевски, академик.

II. Мандатот на првите тројца членови на Советот ќе трае две години, мандатот на членовите под број 4, 5 и 6 ќе трае четири години и мандатот на членовите под број 7, 8 и 9 ќе трае шест години.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2454/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**714.**

Врз основа на член 32 став 3 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ" број 35/85, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат досегашните претставници на Републиката во Советот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" – Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Данило Коцевски,
Илинка Митрева и
Аслан Селмани.

2. За претставници на Републиката во Советот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" – Скопје, се именуваат:

Нано Ружин, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Мирко Пецов, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Никола Г. Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2453/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**715.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/79 и 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ПРИРОДО-НАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешуваат досегашните претставници на Републиката во Советот на Природо-научниот музеј на Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

Климе Коробар,
Слободанка Парлиќ-Баришиќ и
Здравко Крстановски.

2. За претставници на Републиката во Советот на Природо-научниот музеј на Македонија, се именуваат:

Зоран Узунов, дипл. правник вработен во ПЕ за образование – Струмица,
д-р Здравко Крстановски, директор на Хидробиолошкиот завод – Охрид и
Мирко Трипуновски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2452/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**716.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/79 и 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНИЈА - АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ И ИСТОРИСКИ - СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат досегашните претставници на Републиката во Советот на Музејот на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски – Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Рубинчо Белчески,
Зоран Тодоровски и
Анета Светиева.

2. За претставници на Републиката во Советот на Музејот на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје, се именуваат:

д-р Вера Битракова-Грозданова, редовен професор на Филозофскиот факултет - Скопје,

д-р Киро Дојчиновски, директор на Архивот на Македонија и

Димитар Малиданов, професор на Факултетот за ликовни уметности.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2451/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**717.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/86, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91 и 14/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

проф. д-р Методија Нешкоски, вработен во Клиничкиот центар во Скопје,

проф. д-р Александар Анчевски, вработен во Клиничкиот центар во Скопје и

Персида Малинска, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2450/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**718.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита (пречистен текст „Службен весник на Република Македонија" број 17/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР „БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

1. За членови на Управниот одбор на ЈЗО Медицински центар „Борка Талески" - Прилеп, се избираат:

Симеон Наумоски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Пеце Алавантиоски, приватен стопанственик од Прилеп,

Алил Џафероски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Рубинчо Белчески, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2449/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**719.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита (пречистен текст „Службен весник на Република Македонија" број 17/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР - КУМАНОВО

1. За член на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Куманово, се избира

Борко Станковски, пензионер од Куманово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2448/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**720.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита (пречистен текст „Службен весник на Република Македонија" број 17/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ДЕЛЧЕВО

1. За член на Управниот одбор на Здравствениот дом „Гоце Делчев" - Делчево, се избира

Здравко Стојковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2447/1
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**721.**

Врз основа на член 27, став 1, точка 1 и член 28, став 1, точка 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАБРАНА НА ПРОДАЖБА НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. На претпријатијата и другите правни и физички лица кои вршат производство на масло за горење екстра лесно (ЕЛ) и на претпријатијата и другите правни и физички лица кои вршат промет на масло за горење екстра лесно (ЕЛ) се забранува прометот на маслото за горење за временскиот период до 15 октомври 1997 година.

2. Се забранува увозот на маслото за горење екстра лесно (ЕЛ) за временскиот период до 15 октомври 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1669/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**722.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПОЛНИЛНИЦА НА МИНЕРАЛНА ВОДА - КАТЛАНОВСКИ БРЕСТ" - ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Полнилница на минерална вода Катлановски Брест" - Катланово, што ќе се гради на КП 69/7, КО „Катланово" во м.в. „Брест", култура овошна градина 4 класа со големина на парцелата 1/2 (една половина) од 1130 $м^2$, а под објект ќе изнесува 70 $м^2$ (согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство), сопствено земјиште, чиј инвеститор ќе биде ППУП „Коником" од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1631/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**723.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ ТРАСА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПОДЗЕМЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ НА РЕЛАЦИЈАТА М. БРОД - РАСТЕШ, СО ОГРАНОЦИ ЗА Д. МАНАСТИРЕЦ И ПЕШНА, ВО ОПШТИНИТЕ М. БРОД И САМОКОВ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот Траса за полагање на подземен оптички кабел на релацијата М.Брод–Растеш, со ограноци за Д. Манастирец и Пешна, во општините М. Брод и Самоков, а инвеститор е ЈП ПТТ сообраќај „Македонија" - Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:25000, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1630/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**724.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 4/96) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РАЗЛАДНИ УРЕДИ СО ПРАТЕЧКИ ОБЈЕКТИ", ШТО ЌЕ СЕ ГРАДИ ВО С. БОГОВИЊЕ - ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Погон за производство на разладни уреди со пратечки објекти", што треба да се гради на КП бр. 1215, КО „Боговиње", во м.в. Падина, ливада 5 класа, со површина од 6466 $м^2$, а се пренаменува во градежно земјиште 3000 $м^2$ (согласно согласноста на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство), сопственост на Изаири Веби и Изаири Шабани, кој се воедно и основачи на ПТП „Фриготехна" од с. Боговиње која ќе биде инвеститор на објектот, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1616/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**725.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО - ЕДИНСТВО" - ОХРИД**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Братство - Единство" - Охрид, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 4.04.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1649/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**726.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „АЛЕКСАНДАР ЗДРАВКОВСКИ" С. ЈЕГУНОВЦЕ-ТЕТОВО**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Александар Здравковски" с. Јегуновце - Тетово, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 11.04.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1414/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**727.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЦЕНТРАЛНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО" - СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Централното основно училиште „Братство" - Скопје што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 9.04.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1435/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**728.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СИМЧЕ НАСТОВСКИ" - ВРАТНИЦА**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Симче Настовски" - Вратница, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 5.06.1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1424/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**729.**

Врз основа на член 3 од Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните („Службен весник на РМ" бр. 31/93, 70/94, 65/95 и 71/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ДЕПОНИРАНОТО ДЕВИЗНО ШТЕДЕЊЕ СПРЕМА КАМАТИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ДОМИЦИЛНИТЕ ВАЛУТИ**

1. Во Одлуката за методологијата на утврдување на каматните стапки на депонираното девизно штедење спрема каматите во земјите на домицилните валути („Службен весник на РМ" бр. 83/92, 81/93, 70/94 и 2/96), во точка 4, став 1, потточките 5 и 6 се бришат.

2. Точката 7 се брише.

3. Во точката 8, став 1, зборовите „освен каматните стапки од точка 7 на оваа одлука" се бришат.

4. Точката 9 се брише.

5. Во точка 10 зборовите „за 1995 година" се бришат.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-214/4
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**730.**

Врз основа на член 5, став 1 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 36/90 и „Службен весник на РМ" бр. 62/92) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ БОД ПРИ ПРОДАЖБА НА СТАНОВИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на вредноста на пресметковниот бод при продажба на становите во општествена сопственост („Службен весник на РМ" бр. 68/92, 75/92, 57/93, 72/93 и 6/94) зборовите „16,00 денари" се заменуваат со зборовите „18,60 денари".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1660/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**731.**

Врз основа на член 233 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93, 63/95 и 15/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НАПЛАТА НА ЦАРИНА И НА ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ НА АКЦИЗНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Одлуката за начинот на обезбедување наплата на царини и на други јавни давачки на акцизни производи („Службен весник на РМ" бр. 64/96), во член 1, по бројот 2 се става сврзникот „и", по бројот 3 зборовите „и 6" се бришат, а по бројот „78/93" се става запирка и се додаваат броевите „70/94, 14/95, 42/95 и 71/96".

Член 2

Во членот 3, ставот 3 се менува и гласи:

„Гаранцијата се определува во висина од:

- 1.000.000 ДЕМ за нафтени деривати, од тарифниот број 1 од Законот за акцизите кои во царинската тарифа се означени со тарифните ознаки од 2710000010 до 2710000039, како и за производите од тарифниот број 2 и 3 од Законот за акцизите;
- 1.000.000 ДЕМ при транзит, на производите од алинеја 1 на овој член како и за производите од тарифниот број 6 од Законот за акцизи".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1672/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**732.**

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93 и 63/95) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за образование и физичка култура и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 50 | – Дигитални централни единици освен оние од тар. броеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следните единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 90 00 | – – Друго | |
| | | а) Дигитал Алфа Сервер 4100 | 1 парче |
| | 8471 60 | – Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште | |
| | 8471 60 50 00 | – – – Тастатури | |
| | | а) Тастатура | 1 парче |
| | 8471 70 | – Мемориски единици | |
| | 8471 70 53 00 | – – – – – – Хард диск драјв (hard disk drives) | |
| | | а) 4.3 ГБ хард диск | 1 парче |
| | 8471 70 60 00 | – – – – Мемориски единици со магнетни ленти | |
| | | а) ТЛЗ09 ДАТ драјв | 1 парче |
| | 8471 80 | – Други единици од машините за автоматска обработка на податоци: | |
| | 8471 80 10 00 | – – Периферни единици | |
| | | а) Уред за поврзување ДЕТПМ - АА | 1 парче |
| 8473 | | Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и слично) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472: | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 8473 30 | - Делови и прибор на машините од тар. број 8471: | |
| | 8473 30 90 00 | - - Друго<br>а) Метално куќиште за дискови БАЗ0П-ББ | 1 парче |
| 8504 | | Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример испарувачи) и индуктивни калеми: | |
| | 8504 40 | - Статички конвертори (претворувачи): | |
| | 8504 40 30 00 | - - - Модули за напојување од вид кои се употребуваат кај машините за автоматска обработка на податоци<br>а) Модул за напојување X7291 - AA | 1 парче |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: | |
| | 8524 31 00 00 | - - За репродукција на појави, освен звук или слика<br>а) Софтвер со лиценца, дигитал уникс, Уникс | 1 парче |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори:<br>- Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или апарати за снимање или репродукција на звук или слика: | |
| | 8528 21 00 00 | - - Во боја<br>а) 15 „колор монитор" Дигитал | 1 парче |
| 8544 | | Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори: | |
| | 8544 51 00 00 | - - Со конектори<br>а) Приклучен кабел со конектор | 2 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1618/1
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**733.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на РМ на седницата одржана на 23 јуни 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

1. Борис Наумовски се разрешува од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1497/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**734.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 јуни 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

1. За вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување се именува Герасим Тренчески, досегашен помошник на директорот на Фондот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1498/1
23 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**735.**

Врз основа на член 153, став 4, а во врска со член 156, став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7 јули 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. За советник на министерот за стопанство, за наменско производство, се назначува Нона Шишковска-Соколовска, досегашен советник на министерот за стопанство за наменско производство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1469/2
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**736.**

Врз основа на член 153, став 4, а во врска со член 156, став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7 јули 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. За советник на министерот за стопанство, за преработувачка индустрија, се назначува Славица Петрушевска, досегашен советник на министерот за стопанство, за преработувачка индустрија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1470/2
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**737.**

Врз основа на член 153, став 4, а во врска со член 156, став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7 јули 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. За советник на министерот за стопанство, за штедење, супституција и рационално користење на енергијата се назначува м-р Виолета Кецкаровска, досегашен советник на министерот за стопанство за штедење, супституција и рационално користење на енергијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1471/2
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**738.**

Врз основа на член 153, став 4, а во врска со член 156, став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. За советник на министерот за стопанство, за изградба на хидро-енергетски објекти се назначува – Магдалена Манушева, досегашен советник на министерот за стопанство, за изградба на хидро-енергетски објекти.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-1472/2
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**739.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата „Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. За советник на министерот за образование и физичка култура за меѓународна соработка, се назначува Дивна Шиповиќ, досегашен педагошки советник по англиски јазик во Педагошкиот завод на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-1604/2
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**740.**

Врз основа на член 37 од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ бр. 80/93 и 71/96), министерот за финансии донесува

**НАРЕДБА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ ЗА ЈАВНИ ПОТРЕБИ**

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите за јавни потреби („Службен весник на РМ“ бр. 7/94, 21/94, 38/95, 2/96, 21/96 и 32/97), во делот I-Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа во точка 2 – Персонален данок од доход, потточка 2.1. после сметката под реден број 4) се додава нова сметка под реден број 5) која гласи:

5) 840-1242- Данок од заостанати плати

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-7038/1
15 јули 1997 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Таки Фити**, с.р.

**741.**

Врз основа на член 160 од Законот за органите на управата („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/90, 63/94), а во врска со член 4, точка 9 од Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/96 и 64/96), министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина донесе

## УПАТСТВО ЗА ПОБЛИСКИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА СТОКИ КОИ СЕ УВЕЗУВААТ-ИЗВЕЗУВААТ ПОД ОЗНАКА „Д4"

Со ова упатство се определуваат поблиските податоци врз основа на кои Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, издава дозвола за увоз-извоз на стоки, под ознака „Д4".

Покрај податоците утврдени во Одлуката на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/96 и 64/96), корисникот односно производителот на стоките, потребно е кон барањето да ги приложи и следните податоци:

**1. За увоз-извоз на азбест (тар. бр. 2524), азбестно цементни производи, производи од цемент со целулозни влакна (тар. бр. 6811), преработени азбестни влакна, мешавини врз база на азбест или врз база на азбест и магнезиум карбонат, производи од тие мешавини или од азбест (нишки, ткаенини, облека, покривка за глава, обувки, затиначи), зајакнати или незајакнати (тар. бр. 6812), освен производите од тар. број 6813:**

- Доколку стоката се користи како репроматеријал да се даде приказ на технолошкиот процес со карактеристика на репроматеријалот, готовиот производ, анализа на можните извори на загадување со решенија за заштита на животната средина од евентуално загадување, начин на депонирање на отпадниот материјал (со решенија за рециклажа на истиот).

- Да се достави доказ дека не е можна или оправдана супституција на азбестните со безазбестни материјали во конкретните случаи, односно да се елаборираат напорите на корисникот за супституција на азбестните со безазбестни материјали, воопшто.

- Назив на крајниот корисник. Доколку стоката се користи за натамошна продажба, треба да се приложат податоци за крајните корисници и намената (примена) на истата.

- Приказ на годишните потреби од стоката што се увезува.

- Да се назначи точниот назив на царинарницата каде ќе се царини стоката.

Ова е неопходно заради постепено исклучување на азбестните материјали од употреба, онаму каде тоа е можно и спречување на увоз на материјали опасни и штетни по здравјето на луѓето, животната средина и природата.

**2. За халогени деривати на јаглеводороди (тар. бр. 2903) и други производи од хемиската индустрија - мешавини кои содржат два или повеќе различни халогени (тар. бр. 3824710000 и 3824790000):**

- Хемиска формула со карактеристики на стоката.

- Количина на увезената-извезената стока со приказ на годишни потреби.

- Потекло на стоката, полн назив на производителот и државата.

- Доколку стоката се употребува како репроматеријал, во одреден технолошки процес, да се даде приказ на истиот со анализа на можните загадувања на животната средина и природата и решенија за заштита.

- Да се назначи крајниот корисник на стоката со образложение за намената и примена на истата.

Ова е неопходно заради контрола на увозот на халогените деривати на јагленородот, согласно Монтреалскиот договор за заштита на озонската обвивка и контрола на увоз и употреба на други производи-мешавини што содржат перхалогенизирани деривати на ацикличи јагленводороди со два или повеќе различни халогени, кои можат да бидат штетни по здравјето на луѓето, животната средина и природата.

**3. При увоз на протектирани или употребувани надворешни пневматски гуми; полни гуми и гуми со воздушни комори, изменливи протектори (газечки слој) и штитници од гума (тар. број 4012109000, 4012209000 и 4012900000):**

- Оправданоста на увозот да се поткрепи со инвестициона програма за поставување на технолошка линија за производство на нови гуми и рециклажа на отпадот. Дел од барањето ќе биде и Еколошки елаборат во кој треба да биде образложен технолошкиот процес, количина и карактеристики на репроматеријалот, количина и квалитет на готовиот производ (тип, број, димензија, ДОТ), третман на отпадниот материјал-рециклажа со мерки на заштита на животната средина и природата, број на ISO 9000, број на сертификатот на производителот, број на увозникот-извозникот, гарантен лист.

- Да се даде приказ на месечните потреби од увоз на овој вид стока.

- Назив на фирмата-име на директни дистрибутери на готовиот производ-продавачи на мало.

- Во прилог да се достави судска регистрација за дејноста на директниот дистрибутер.

- Да се назначи царинарница на која ќе биде царинета стоката.

3.1. Увозникот, корисникот треба да дава редовен извештај за увезените количини, преработени и продадени гуми, до ова министерство. Извештајот ќе се доставува секои три месеци.

Ова е неопходно заради контрола на увозот на протектирани и користени гуми, заштита од директна продажба на користени и истрошени гуми на пазарот без претходна обработка, со што се загрозува животот на луѓето, заштита од создавање на депонии од стари гуми на територијата на Републиката.

I. Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, ќе издаде дозвола за увоз-извоз на стоки, означени под ознака „Д4", доколку се исполнети посебните услови, утврдени во ова упатство.

II. Доколку Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина оцени дека стоката за која се бара дозвола е од таква природа да може да ја наруши животната средина и природата, односно ќе предизвика загадување на воздухот, водата и земјата, штетна бучава, јонизирачко и нејонизирачко зрачење, несоодветно депонирање на отпадоци, што ќе има штетни последици по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет што егзистира на копно и во вода, нема да ја издаде бараната дозвола, при што барателот ќе го извести за причините поради кои дозволата не е издадена.

III. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 14-4564/2
17 јули 1997 година
Скопје

Министер,
дипл.град.инж. Томе Тромбев, с.р.

**742.**

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 29/96 пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LVIII-ма седница, одржана на 16.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА РАСТЕЖОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО АВГУСТ 1997 ГОДИНА

1. Банките и штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 4,5% на 31 август 1997 година, во однос на состојбата на тие пласмани на 30.06.1997 година.

По исклучок од став 1 на оваа точка, како пласмани кои не се под ограничување се подразбираат долгорочните денарски кредити одобрени врз основа на намеиските денарски депозити на државата.

2. За новоформираните банки во периодот јуни 1996 до 30.06.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето, намален за износот на девизните средства во девизната позиција во странство.

За новоформираните штедилници во периодот јуни 1996 до 30.06.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето.

3. Банките и штедилниците можат меѓусебно да го разменуваат неискористениот дел од порастот на денарските пласмани до висината на дозволениот пораст, во согласност со точка 1 и 2 од оваа одлука.

Условите за меѓусебната размена, банките и штедилниците ги договараат со склучување на договор.

За износот на разменетиот лимит (право на пораст на денарските пласмани), банките и штедилниците се должни да ја известат Народна банка на Република Македонија во рок од два дена од склучување на договорот со доставување на фотокопија од истиот.

4. Доколку одредени банки, односно штедилници, покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија, неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани ќе го распредели на други банки, односно штедилници, кои го искористиле утврденото право.

5. Под денарски пласмани во смисла на оваа одлука се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка I и II од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ“, бр, 7/97).

6. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките и штедилниците ќе ѝ доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КБ-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките и штедилниците).

7. Извештаите од точка 6 на оваа одлука банките и штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

8. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се применува од 01.08.1997 година.

О.бр. 02-15/LVIII-1/97
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**743.**

Врз основа на член 80 од Законот за банки и штедилници и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 29/96-пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LVIII седница, одржана на 16.07.1997 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Во Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работењето на штедилниците („Сл. весник на РМ“ бр. 7/97) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во точка 3 став 1 по првата запирка се додаваат зборовите „износот на влогот“.

б) По ставот 1 се додаваат 2 нови става кои гласат:

„Списокот од став 1 на оваа точка, штедилниците се должни да го истакнат најдоцна до 5-ти во месецот, со состојба од претходниот месец“.

Во заглавието на овој список задолжително стои следниот текст:

„Ова е единствен список на штедни партии во оваа штедилница, кој е пријавен во Фондот за осигурување на штедни влогови и Народна банка на Република Македонија“.

в) Во точка 3 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Внесување на невистинита содржина во списокот од став 1 на оваа точка или невнесување на податоци на штедната партија претставува кривично дело Фалсификување на службена исправа по член 361 од Кривичниот законик на Република Македонија“.

г) Во точка 3 став 2 станува став 5.

д) Во точка 5 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на оваа точка, вкупната кредитна изложеност на штедилницата во однос на една банка изнесува 30% од гарантниот капитал на штедилницата“.

ѓ) Во точка 5 став 2 станува став 3.

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Се овластува Дирекцијата за супервизија да изготви пречистен текст на оваа одлука.

О.бр.02-15/LVIII-2/97
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**744.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ бр. 30/93) и член 63 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 29/96-пречистен текст), Советот на Народната банка на Република Македонија на својата LVIII седница одржана на 16.07.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРЕД УВЕЗУВАЊЕ НА СТОКИ И УСЛУГИ**

1. Во Одлуката за плаќање пред увезување на стоки и услуги („Службен весник на РМ"бр.22/94) во точка 2 по зборовите „Увозот на стоките може да се плати пред нивното увезување, ако се увезува" се додаваат зборовите „материјал за репродукција за познат производител".

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/LVIII-3/97
16 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с.р.

---

**745.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 9 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за изменување и дополнување на дел од Деталниот урбанистички план на град Струмица - индустриска зона покрај магистралниот пат Струмица - Ново Село, донесена од Собранието на Општина Струмица, бр. 02-274/1 од 6 декември 1996 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на Ристо Пилов од Струмица, со решение У.бр. 17/97 од 21 мај 1997 година, поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точка 1 од оваа одлука, затоа што пред Судот се постави прашањето за согласноста на овој акт со одредбите од Законот за просторното и урбанистичкото планирање.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената Одлука е извршена измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на град Струмица - индустриска зона покрај магистралниот пат Струмица - Ново Село, со зацртување на објект - монтажен ладилник за зеленчук и овошје на КП. бр. 7409 во КО Струмица. Од Одлуката за определување границите на градежното земјиште во град Струмица, бр. 02-207/1 од 23 март 1988 година, донесена од Собранието на Општина Струмица, Судот утврди дека катастарската парцела КП. бр. 7409 се наоѓа надвор од определените граници на градежното земјиште на градот Струмица. Меѓутоа, во изводот од Основниот план на Струмица, без број и дата, постои проширување на постојната индустриска зона и тоа единствено на КП. бр. 7409, иако за ваквото проширување, односно измена на Основниот план на Струмица, на Судот не му беше презентирана соодветна одлука од Советот на Општина Струмица. Покрај тоа, при донесувањето на оспорената одлука не била почитувана постапката пропишана со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно не била спроведена јавна анкета и стручна ревизија од страна на надлежниот орган определен со одредбите од наведениот закон.

5. Согласно член 10 и 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/96), генерален урбанистички план се донесува за подрачје на населено место, стопански комплекс и за други подрачја предвидени за градба, додека детален урбанистички план се донесува за одделни делови на населените места и други подрачја за кои е донесен генерален урбанистички план.

Согласно член 9 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/87, 18/89 и 21/91), земјиштето во градовите и населбите од градски карактер и другите подрачја предвидени за станбена и друга комплексна изградба за кои е донесен урбанистички план е на Републиката (став 1), а границите на опфатеното земјиште од став 1 на овој член со катастарски податоци за парцелите ги утврдува собранието на општината (став 2).

Од содржината на цитираните одредби произлегува дека генералниот (основниот) и деталниот урбанистички план можат да се донесуваат само за подрачја кои се предвидени за градба, при што границите на овие подрачја со податоци за катастарските парцели ги утврдува собранието на општината со своја одлука.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба дека парцелата КП. бр. 7409 во КО Струмица со Одлуката за определување границите на градежното земјиште во град Струмица не е опфатена во подрачјето предвидено за градба, Судот најде дека оспорената Одлука за изменување и дополнување на деталниот урбанистички план, која што се однесува токму на оваа катастарска парцела, не е во согласност со одредбата од член 11 од Законот за просторното и урбанистичко планирање, бидејќи со истата се уредува земјиште кое не може да биде предмет на уредување со донесување на детален урбанистички план.

6. Од овие причини, имајќи ги во предвид сите околности на конкретниот случај што се од значење за заштитата на законитоста, а особено тежината на повредата и нејзината природа, во смисла на член 73 од Деловникот, Уставниот суд одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр.17/97
9 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

---

**746.**

Врз основа на член 160 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ" бр. 40/90 и 63/94), а во врска со член 7-а и 7-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за статистички истражувања од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 20/88) и Законот за Единствена класификација на дејностите, донесувам

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН СТАТИСТИЧКИ СТАНДАРД И МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ОРГАНИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ, ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА**

Во точка 1 од Решението за утврдување на единствен статистички стандард и методолошки основи за утврдување и искажување на податоците за органите на државната власт, органите на локалната самоуправа,

**политичките партии, општествени организации и здруженија („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/96 и 1/97), се вршат следните измени и дополненија:**

**Во делот „Органи на државната власт, органи на локалната самоуправа, политичките партии, општествени организации и здруженија" (област 14);**

**- Во алинеја 4 во делот Единици на локалната самоуправа зборовите „Органи на облиците" се заменуваат со зборот „Облик";**

**- по последната алинеја се додава нова алинеја која гласи: „14014 140150 Народен правобранител"**

**2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".**

**Директор,**
**Светлана Антоновска, с.р.**

---

**По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 15/97) се направени грешки поради што се дава**

## ИСПРАВКА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

**Во членот 103 наместо зборовите: „член 122 до 124" треба да стојат зборовите: „член 122 и 123", а наместо зборовите: „член 89 до 91" треба да стојат зборовите: „член 89 и 91".**

**Број 13-2493/1**
**16 јули 1997 година**
**Скопје**

**Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија**

---

# СУДСКИ ОГЛАСИ

## ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје објавува дека пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Селедин Љесковица од Скопје, ул. "Скупи" бр. 55-а, застапуван од полномошникот Доне Лазаревски, адвокат од Скопје, против тужената Фљорије Љесковица од Скопје, сега на привремена работа во Германија, со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на тужената судот и го постави адвокатот Борис Вандев од Скопје, ул."Бојмија" 6 кула 3 кој ќе ги штити интересите на тужената се додека таа или нејзин полномошник не се појават пред судот односно додека органот за старателство не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIII П.бр. 2267/97. (10025)

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за надомест на трошоци за застапување по тужбата на тужителот Сашо Додевски од Скопје, против тужениот Бањац Жељко од Скопје, ул."Јане Сандански" бр. 65/27, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење или да постави полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката.

Доколоку тужениот не се јави во рок од 30 дена и не ја достави својата нова адреса или не постави полномошник, ќе му биде одреден привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII П.бр. 2999/96. (9768)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води спор за утврдување на право на сопственост по тужбата на тужителот Ицковски Блажо од Скопје, ул. "Кемал Ататурк" бр.13, застапуван од полномошникот адвокат Димитар Дангов од Скопје, против тужениот Стојчевиќ Јован со непознато живеалиште.

Судот со решението П.бр.219/96 од 14.III.1997 година на тужениот му назначи привремен застапник да ги штити неговите интереси адвокатот Антонио Коштанов од Скопје, ул."Мито Хаџивасилев Јасмин" бр.12/5.

Се повикува тужениот да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во овој рок тужениот и неговиот полномошник не се јават во судот, истиот се предупредува дека назначениот привремен застапник ќе го застапува тужениот во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот односно додека органот за старателство не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IX.П.бр. 219/96. (10018)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Амет Ќани од Скопје, ул."Карбуница" бр. 13-А, против тужената Амет Анифе со непознато живеалиште.

Судот на тужената и назначи привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси адвокат Снежана Матевска од Скопје, ул."Струмјани" бр. 7-А, населба Ѓорче Петров - Скопје.

Се повикува тужената да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во овој рок тужената и нејзиниот полномошник не се јават во судот, истата се предупредува дека назначениот привремен застапник, ќе ја застапува во постапката се додека тужената или нејзиниот полномошник не ќе се појават пред судот односно додека органот за старателство не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IX П.бр. 1771/97. (9771)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за регресно побарување по тужба на тужителот АД за осигурување Македонија - Филијала во Тетово, против тужениот Мустафи Шардан од Тетово.

Се повикува тужениот, со непозната адреса во Грција, да се јави во судот, да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка до окончувањето. Во спротивно, по истекот на 30 дена судот преку ЦСР - Тетово ќе му постави привремен заастапник.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 541/97. (9773)

Пред Основниот суд во Тетово се води сопственички спор по тужбата на тужителот Абдулбари Азири од с.Теново, против тужените Азири Маргита од Словачка, Насер Азири од с.Теново и други.

Се повикуваат тужените Маргита вд. Ќуфли Азири, Ќуфли Ќуфли Азири, Љуљије Ќуфли Азири, Мирто Ќуфли Азири, Бајрам Ќуфли Азири, сите од с. Теново, а сега со непозната адреса во Братислава - Словачка, да се јават во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас или да одредат полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа во Тетово ќе им биде одреден привремен застапник кој ќе ги застапува до правосилно окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 352/97. (9774)

---

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Џафери Атиџе од с. Стримница против тужениот Џафери Абедин Мендуф од с. Желино сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот, достави адреса или постави свој застапник. По истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен старател.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 920/97. (9993)

---

Пред овој суд води спор тужителката Игоска Васка од Тетово, против тужениот Игоски Стојан од Тетово, а сега со непозната адреса во САД.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот или одреди свој полномошник. Во спротивно, по истекот на определениот рок судот преку ЦСР - Тетово ќе му постави привремен старател кој ќе го застапува тужениот до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Тетово,П.бр. 787/97. (9997)

---

Пред овој суд се води постапка за сопственост по тужбата на тужителот Јованоски Богоја од с. Прељубиште, против тужените Јованоски Стојан и други од с. Прељубиште.

Бидејќи тужените Јованоска Олга од Америка, Стојан и Томче Јованоски од Белград, СРЈ, се наоѓаат со непозната адреса, се повикуваат истите да се јават во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или постават свој полномошник. Во спротивно, судот ќе им постави привремен старател преку ЦСР - Тетово, кој ќе се грижи за нивните права и интереси се до окончува-њето на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.914/97. (9998)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П.П.бр. 2/97, ја запиша во судскиот регистар политичката партија „Либерално-демократска партија", бул. „Партизански одреди" бр. 89, Скопје.

I. Во судскиот регистар на политичките партии под Рег. бр. 82 се запишува политичката партија „Либерално-Демократска партија" со скратено име ЛДП со седиште во Скопје, бул. Партизански одреди бр. 89, која ја застапува нејзиниот претседател Петар Гошев.

II. Политичката партија стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 12.06.1997 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (10137)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П.П. бр. 1, ја запиша во судскиот регистар политичката партија „Социјалистичка христијанска партија на Македонија", ул. „Веле Марко" бр. 1, Охрид.

I. Во судскиот регистар на политичките партии под Рег. бр. 81 се запишува политичката партија „Социјалистичка христијанска партија на Македонија" со седиште на ул. Веле Марко бр. 1 Охрид, која ја застапува нејзиниот претседател Васил Ристески од Охрид.

II. Политичката партија стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 3.06.1997 година

III. Скратено име на партијата е СХПМ.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (10138)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 1940/97 на регистарска влошка бр. 1-63431-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на назив, седиште, основач и директор на Претпријатието за промет и услуги „ЕЛЕС КОМПАНИ" д.о.о. експорт-импорт с. Мал Папрадник, Центар Жупа.

Новиот назив на фирмата е „Елес компани" д.о.о. експорт-импорт с. Мал Папрадник Центар Жупа.

Кон претпријатието пристапува Фатиме Елезовска од с. Мал Папрадник.

Се брише Абдилазис Дурмиши, се запишува Фатиме Елезовска, како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје,. Срег. бр. 1940/97. (8289)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 3594/97 на регистарска влошка бр. 1-69605-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на ТП Авто такси „ВЛАДО" Владимир Драган Вељановски ул.„Струшка" бр.14б Скопје.

Дејност: 060602.

Трговецот поединец одговра со целиот имот.

Управител на друштвото ќе биде Владимир Вељановски.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 3594/97. (8198)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 2798/97 на регистарска влошка бр. 1-57401-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на назив, седиште, основач и директор на Претпријатието за трговија и производство „СЛАВИЦА" д.о.о. увоз-извоз ул. „Крушевска" бр. 7, Кавадарци.

Истапува основачот Перо Орешков, пристапува Ѕвонко Сиљанов.

Се брише Перо Орешков, а се запишува Ѕвонко Сиљанов.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 2798/97. (8287)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 2095/97, на регистарска влошка бр. 1-56822-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиште, основач и директор на Претпријатие за производство, промет и услуги „ХЕМО ПЛАСТ" - 95" д.о.о. експорт импорт Скопје, ул. Никола Парапунов бб.

Истапува основачот Михаел Марков, а пристапува Душко Мојсовски.

Се запишува Душко Мојсовски, се брише Михаел Марков.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 2095/97 (8467)

Основниот суд Скопје I Скопје, со решението Срег. бр. 3573/97, на регистарска влошка бр. 1-54375-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на Претпријатието за промет на стоки и услуги „НИЈАЗИ ПРОМЕТ" експорт импорт Д.О.О., ул. „Цветан Димов" бр. 51 Скопје.

Се брише Нијази Бисли, ВД директор, а се запишува Рамадан Алилов директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3573/97. (8490)

---

Основниот суд Скопје I Скопје, со решението Срег. бр. 3718/97, на регистарска влошка бр. 1-9098-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и проширување на дејност во внатрешен и надворешен трговски промет на „ГЕМ-КОМЕРЦ" Ц.О, Експорт-Импорт Скопје. Претпријатие за трговија на големо и мало и транспортни услуги ул. „Марко Крале" бр. 112 Скопје.

Како основач истапува лицето Галабовски Кирил а пристапува Галабовски Гоце.

Дејноста во внатрешен и надворешен трговски промет на претпријатието се проширува со: 012201, 012202, 012310, 012321, 012322, 012323, 110309, 110909.

- посредување во надворешно-трговски промет:
- застапување на странски фирми
- малограничен промет со Бугарија, Грција, Албанија и Југославија
- реекспорт и комисионо работење
- меѓународен транспорт на стоки и шпедиција
- меѓународен превоз на патници

Од Основниот суд во Скопје, Срег. бр. 3718/97. (8491)

---

Основниот суд Скопје I Скопје, со решението Срег. бр. 3073/97, на регистарска влошка бр. 1-53820-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и промена на лице на Услужно, трговско претпријатие „БАЈО" експорт-импорт Скопје, П.О. ул. „Ангел Винички" бр. 11.

Во претпријатието истапува Сузана Костоска.

Се брише Благица Нинкикиевска, директор, а се запишува Лепа Груевска директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3073/97. (8492)

---

Основниот суд Скопје I Скопје, со решението Срег. бр. 3424/97, на регистарска влошка бр. 1-62897-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето на претпријатието „Д Б Компјутинг" Д.О.О. претпријатие за трговија, посредување и услуги Увоз-Извоз, ул. „Томе Арсовски" бр. 1 б Скопје.

Фирма: „Д Б Компјутинг" Д.О.О. претпријатие за трговија, посредување и услуги Увоз-Извоз Скопје, ул. „Шекспирова" бр. 1/4-9, во иднина се менува и ќе гласи: „Д Б Компјутинг" ДОО Претпријатие за трговија, посредување и услуги увоз-извоз, ул. „Томе Арсовски" бр. 1б Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3424/97. (8493)

---

Основниот суд Скопје I Скопје, со решението Срег. бр. 3126/97, на регистарска влошка бр. 1-8851-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на „ТЕРМОТИКА" д.о.о. ел. Претпријатие за производство, проектирање, инженеринг, консалтинг, ул. „Козара" 64-II/14 Скопје.

Дејноста во внатрешен промет се проширува со: 050100, 050201, 050202, 050209, 050302.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3126/97. (8494)

---

